КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 65
04. 02. 2014 год
СКОПЈЕ



Број:
Датум: 30.1.2014

Врз основа на член 42 од Законот за градење, Службен Весник на РМ број 39 од 22 Март 2012 година-пречистен текст, и врз основа на точка 22 од член 15 од Статутот на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, Управниот одбор на седницата одржана на 30.1.2014 година донесе

# **УПАТСТВО**

за работа на комисијата што врши потврдување на овластувањето на странско физичко лице во РМ

Член 1

Со ова Упатство се утврдува составот, начинот и постапката за избор на членови на комисијата што врши потврдување на овластувањето на странско физичко лице (архитекти или инженери) за работа на проектирање, ревизија на проекти, надзор над изградба на градби и раководење со изградба на градби во Република Македонија и предлага упис во електронскиот именикот што го води Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората), како и начинот на работа и одлучување.

Член 2

Комисијата што врши потврдување на овластувањето на странско физичко лице во Република Македонија (во натамошниот текст: Комисијата) ја формира Претседателот на Комората во рок од 5 работни дена од приемот на Барањето во архивата на Комората, со решение на пропишан образец ОБ-2Н.

Комисијата од став 1 на овој член е составена од 7 члена кои имаат овластувања согласно Законот за градење.

Член 3

Комисијата од член 2 е составена од претседател, известител, администратор и 4 членови на Комисијата.

Во Комисијата учествуваат претседателите на повеќе професионални одделенија, и задолжително претседателот на Комората. За претседател на Комисијата се назначува претседателот на одделението кое е најблиско до струката на барателот.

Член 4

Комисијата одлучува со мнозинство на гласови од членовите, донесува решение и во писмена форма го известува Претседателот на Комората.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Комисијата.

Член 5

За работата на комисијата се води записник на пропишан образец (ОБ-3Н). Записникот го потпишуваат сите присутни членови на состанокот.

Член 6

Комисијата најпрвин констатира дали се доставени сите потребни документи, утврдени како прилози кон барањето за потврдување на овластувањето стекнато во странство (во натамошниот текст: барањето). Барањето се поднесува на образец ОБ-1Н заедно со прилозите.

Ако комисијата констатира дека не се доставени потребните прилози барањето го враќа до стручната служба на Комората со напомена да побара од подносителот на Барањето, во одреден рок, да ги комплетира прилозите.

Член 7

Во случај кога барањето е комплетно, Комисијата пристапува кон разгледување и оценување на приложените документи. Потребните документи за аплицирање, како и обрасците кои задолжително се користат во постапката за потврда на странски овластувања се специфицирани во Прилог 1 од ова Упатство.

Член 8

Комисијата во текот на својата работа своите забелешки и оценки ги запишува во обрасците што се составен дел на ова упатство, а за секое потврдено странско овластување Комисијата пополнува формулар со податоци за запишаните во именикот, согласно пропишаниот образен ОБ-5Н-а.

Член 9

Комисијата е должна да го разгледа барањето и да одговори на него, односно да даде предлог за издавање на овластување или да издаде предлог-решение за одбивање во рок од 10 работни дена од денот на заведувањето на барањето во архивата на Комората.

Член 10

Апликацијата за потврда на странско овластување чини 200 евра за секое поднесено барање (проектирање, ревизија, надзор, изведба), а годишната членарина е 275 евра по лице, односно согласно одлуката за реципроцитет донесена од Управниот одбор број 02-601/4 од 28.10.2013. Известителот на комисијата која врши потврда на странското овластување предлага, а Претседателот на Комората одлучува дали ќе се примени наведената одлука за реципроцитет при наплатата за потврда на странски овластувања.

Член 11

Упатството влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Комората.

Претседател на Комората
Блашко Димитров дипл. град.инж.

**ПРИЛОГ 1 – Потребни документи за аплицирање во Комората за потврда на странско овластување и пропишани обрасци**

Подносителот треба да ги достави следните документи:

1. **БАРАЊЕ за потврдување на овластување на странско физичко лице во Република Македонија (Образец ОБ - 1Н)**

**ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО:**

2. **Решение за упис во трговскиот регистар и регистар на други правни лица** (извод од Централен регистар) – на правниот субјект во РМ за чии потреби ќе работи странското физичко лице (копија заверена кај нотар)[1]

   1) доколку странско правно лице нема регистрирано правно лице во Централниот регистер на РМ, тогаш ќе достави потврда од чл.42 став (1) за вршење на дејност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот. Потврдени овластувања странското физичко лице ќе добие после регистрација на правното лице во Централниот регистер. До регистрацијата на правното лице, комората ќе издава соодвтен документ дека овластувањето е потврдено, со бројот и датумот на потврденото овластување, а подигање на потврденото овластување ќе биде после доставување решение за упис во трговскиот регистер каде што ќе работи странското физичко лице.

3. **Копија од Лиценцата** (Сертификат) на правниот субјект од државата од која потекнува странскиот правен субјект (копија на оригиналниот документ на странски јазик заверена кај нотар)
4. **Превод** (од овластен преведувач на македонски јазик) на Лиценцата (од претходната точка).
5. **Потврда за секое од наведените странски физички лица** дека е вработено во странскиот правен субјект во домицилната држава (потврда од фирмата каде што е вработен) – може и една потврда за сите лица за кои се бара потврдување на овластувањето ( потврдата ја издава странскиот правен субјект – подносител на барањето)
6. **Оригинално овластување на инженерот** од сопствената држава или копија од овластувањето заверена кај нотар, за секое од наведените лица во барањето.
7. **Превод на секое од овластувањата** (за секое лице посебно) од овластен преведувач (* Доколку Овластувањето е издадено двојазично (домицилен јазик и англиски) тогаш дополнителен превод на македонски јазик не е потребен)
8. **Потврда дека барателот нема забрана за извршување** работи поврзани со користење на странското овластување.
9. Копија од **Закон за градба на објекти** во домицилната држава (англиска верзија или на јазикот на домицилната држава)
10. Копија од Правилник за стекнување на овластувања од инженерската Комора која ги издала овластувањата со (евентуално) категории на овластувања во домицилната држава (или друг акт за иста намена од надлежна институција), на домицилен јазик и англиски.
11. Уплатница од 200 евра за апликацијата за потврдување на странското овластување и годишна членарина од 275 евра за секое физичко странско лице (барател) односно согласно одлуката за реципроцитет донесена од Управниот одбор број 02-601/4 од 28.10.2013 дефинирана во членот 10 од ова Упатство.

---

Уплатата за потврда на странското овластување во Комората на овластени архитекти и овластени инженери се врши на уплатница ПП 10, на следната жиро сметка: **250 001 002 332 248** – Шпаркасе Банка со цел на дознака "потврда на странско овластување за *<име>*".

Во случај да не биде потврдено странското овластување на барателот, средствата за годишната членарина од 275 евра му се враќаат на барателот, додека средствата од 200 евра за комисиски преглед на документите не се враќаат.

меморандум на КОАИОИ и архивски број

ОБ-1Н

| | |
|---|---|
| **До Комисија за потврдување странски овластувања** | |
| Предмет: **Потврдување на овластување** | |

# БАРАЊЕ

## потврдување на овластување

на странско физичко лице во Република Македонија

Врз основа Член 42 од Законот за Градење, бараме да извршите потврда на веродостојноста на странското овласување и да го утврдите видот на соодветното овластувањето во Република Македонија

| | |
|---|---|
| Целосен назив на правниот субјектот | |
| Седиште | |
| **ЕМБС** | |
| адреса за комуникација, тел и е-маил | |
| Натамошни контакти | (Име и презиме и тел. број) |

* **на следната страница во табелите наведете ги податоците на странските лица за кои барате потврдување на овластувањата.**

Во прилог поднесете:

1. **Барање за потврдување на овластување на странско физичко лице во Република Македонија (формулар бр. 1)**
2. **Решение за упис во трговскиот регистар и регистар на други правни лица** (извод од Централен регистар) – на правниот субјект во РМ за чии потреби ќе работи странското физичко лице (копија заверена кај нотар)[1]
   [1] доколку странско правно лице нема регистрирано правно лице во Централниот регистер на РМ, тогаш ќе достави потврда од чл.42 став (1) за вршење на дејност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот. (Министерство за транспорт и врски). Потврдени овластувања странското физичко лице ќе добие после регистрација на правното лице во Централниот регистер. До регистрацијата на правното лице, комората ќе издава потврда дека овластувањето е потврдено, со бројот и датумот на потврденото овластување, а подигање на потврдното овластување ќе биде после доставување решение за упис во трговскиот регистер на каде ќе работи странското физичко лице.
3. **Копија од Лиценцата** (Сертификат) на правниот субјект од државата од која потекнува странскиот правен субјект (копија на оригиналниот документ на странски јазик заверена кај нотар)
4. **Превод** (од овластен преведувач на македонски јазик) на Лиценцата точка бр 3.
5. **Потврда за секое од наведените странски физички лица** дека е вработено во странскиот правен субјект во домицилната држава (потврда од од фирмата каде што е вработен) – може и една потврда за сите лица за кои се бара потврдување на овластувањето
   [2] потврдата ја издава странскиот правен субјект – подносител на барањето
6. **Оригиналното овластување на инженерот од сопствената** држава или копија од овластувањето заверена кај нотар, за секое од наведените лица во барањето.
7. **Превод на секое од овластувањата** (за секое лице посебно) од овластен преведувач
   [3] Доколку Овластувањето е издадено двојазично (домицилен јазик и англиски) тогаш дополнителен превод на македонски јазик не е потребен
8. **Потврда дека барателот не е осудуван** за работи поврзани со користење на странското овластување.
9. Копија од **Закон за градба на објекти** во домицилната држава (англиска верзија или на јазикот домицилната држава)
10. Копија од Правилник за стекнување на овластувања од инженерската Комора која ги издала овластувањата со (евентуално) категории на овластувања во домицилната држава (или друг акт за иста намена од надлежна институција) на домицилен јазик и англиски.
11. **Уплатница за годишна членарина** од 275 евра за секое физичко странско лице (барател) и по 200 евра за секое поднесено барање за потврдување и изработка на документот – потврда за веродостојност на овластување, (проектирање, изведба, и др)

**Подносител:**

Потпис

| | |
|---|---|
| име и презиме на барателот | 1. |
| завршен факултет - назив | |
| звање од дипломата | |
| ЕМБГ (матичен број) или број на пасош | |
| лична адреса на барателот | |
| достапен е-маил и телефон за контакт | |
| за кои овластувања аплицира (заокружи) | проектирање надзор ревизија изведба |

| | |
|---|---|
| име и презиме на барателот | 2. |
| завршен факултет - назив | |
| звање од дипломата | |
| ЕМБГ (матичен број) или број на пасош | |
| лична адреса на барателот | |
| достапен е-маил и телефон за контакт | |
| за кои овластувања аплицира (заокружи) | проектирање надзор ревизија изведба |

| | |
|---|---|
| име и презиме на барателот | 3. |
| завршен факултет - назив | |
| звање од дипломата | |
| ЕМБГ (матичен број) или број на пасош | |
| лична адреса на барателот | |
| достапен е-маил и телефон за контакт | |
| за кои овластувања аплицира (заокружи) | проектирање надзор ревизија изведба |

| | |
|---|---|
| име и презиме на барателот | 4. |
| завршен факултет - назив | |
| звање од дипломата | |
| ЕМБГ (матичен број) или број на пасош | |
| лична адреса на барателот | |
| достапен е-маил и телефон за контакт | |
| за кои овластувања аплицира (заокружи) | проектирање надзор ревизија изведба |

| | |
|---|---|
| име и презиме на барателот | 5. |
| завршен факултет - назив | |
| звање од дипломата | |
| ЕМБГ (матичен број) или број на пасош | |
| лична адреса на барателот | |
| достапен е-маил и телефон за контакт | |
| за кои овластувања аплицира (заокружи) | проектирање надзор ревизија изведба |
| | |

меморандум на КОАИОИ и архивски број

ОБ-2Н

Врз основа член 42 од Законот за градење, заради извршување на потврда на веродостојноста на странското овласување и да го утврди видот на овластувањето со кое се стекнуваат во Република Македонија го донесувам следното

# Решение

## за формирање Комисија
## за потврдување на овластување на странско физичко лице во Република Македонија

| | |
|---|---|
| Целосен назив на правниот субјектот | |
| Седиште | |
| **ЕМБС** | |
| адреса за комуникација , тел и е-маил | |
| Натамошни контакти | (Име и презиме и број) |

За извршување на задачата ги определувам следните лица:

| | |
|---|---|
| Претседател | 1. |
| Известител | 2. |
| Член | 3. |
| Член | 4. |
| Член | 5. |
| Член | 6. |
| Администратор | 7. |

Претседателот на Комисијата да закаже состанок во рок од 5 (пет) работни дена од назначувањето на комисијата која треба да донесе решение и во писмена форма да ме извести за решението.

При прегледот на поднесокот Комисијата треба да утврди дали овластувањето на странското лице соодветствува на овластувањата предвидени со Законот во РМ. Доколку комисијата утврди дека овластувањето соодветствува, да подготви извештај за веродостојноста на истото и да го определи видот на овластувањето кое е еквивалентно на тоа што странското физичко лице би го стекнало во Република Македонија. (Образец ОБ 4Н)

Претседател на Комората,

Блашко Димитров дипл.град.инж

Образец ОБ 3Н

знакот на Комората и архивски број`

**Комисија за потврдување странски овластувања** член 42 од ЗГ (Сл. Весник бр. 39 од 22 Март 2012)
Деловоден број на предметот:

Дата на разгледување: час:

Предмет: Потврдување на овластување

# ЗАПИС бр.

**од разгледување и донесување одлука по поднесок**
за потврдување на овластување на странско физичко лице во Република Македонија

Врз основа Член 42 од Законот за градење, комисијата со задача да изврши потврда на веродостојноста на странското овласување и да ја утврди еквиваленцијата со овластувањата во Република Македонија, го поднесува следниот извештај:

| | |
|---|---|
| име и презиме на барателот | |
| завршен факултет - назив | |
| звање од дипломата | |
| ЕМБГ (матичен број) или број на пасош | |
| лична адреса на барателот | |
| достапен е-маил и телефон за контакт | |
| за кои овластувања аплицира (заокружи) | проектирање надзор ревизија изведба |

## ЗАКЛУЧОК

После разгледување на приложените документи **Комисијата**, оцени дека за продолжување на постапката за потврдување на овластување согласно Законот:

**има основа за одлучување** / **нема основа за одлучување**
/ (во забелешка – дополнителни барања)

| **Забелешка:** | **донесена одлука (означи со X)** | |
|---|---|---|
| **1.** | за прифаќање | |
| **2** | за одбивање | |
| | привремен прекин | |

## ПРЕДЛОГ:

Предлагаме на Претседателот на Комората на странското физичко лице (барателот) да му издаде ПОТВРДА за веродостојност на овластувањата дека се соодветни (еквивалентни) на следните овастувања во Република.

| проектирање | надзор | ревизија | изведба |
|---|---|---|---|
| **А Б** | **А Б** | **А Б** | **А Б** |

**Присутни и согласни со предлогот (потписи)**

1. 
2. 
3. 
4. 
5. 
6. 
7. 

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Деловоден број на предметот:
Датум:

## Потврдување на овластување
на странско физичко лице во Република Македонија

Врз основа Член 42 од Законот за Градење, Претседателот на Комората на овластени архитекти и инженери формираше комисијата со задача да ја провери веродостојноста на странското овласување и да ја утврди соодветноста со овластувањата во Република Македонија.

После прегледот на доставените документи од барателот, Комисијата достави извештај со позитивен наод и во склад со надлежностите кои произлегуваат од Законот за градење, се издава

# ПОТВРДА
за веродостојност на овластувањата

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | |
| Академско звање | | |
| Број на странското овластување | | |

Овластувањето на именуваниот е соодветно (еквивалентно)
на следните овастувања во Република Македонија.

| проектирање | надзор | ревизија | изведба |
|---|---|---|---|
| **А** | **х** | **х** | **х** |

Лицето со овластување А може да ги врши и работите за кои е предвидено овластување Б.

**Број на потврдата во Деловодната книга**
**СЛ.**
Потврдата важи до:

Претседател на Комората на Овластени архитекти и овластени инженери

Блашко Димитров, дипл.град.инж.

Образец ОБ 5На

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBER OF CERTIFIED ARCHITECTS AND CERTIFIED ENGINEERS OF REPUBLIC OF MACEDONIA

# Формулар
## со податоци* за запишување во Именикот на Странци со потврдени овластувања во Република Македонија

(*податоците се заштитени и ќе се користат само за потреби на овластувањето)

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Име и презиме | |
| 2. | Име и презиме (во оригинал) | - |
| 3. | Дата на раѓање | |
| 4. | Место на раѓање | |
| 5. | Име на државата | |
| 6. | Број на патната исправа (пасош) | |
| 7. | Матичен број на граѓанинот | |
| 8. | Адреса на живеење и емаил | |
| 9.. | Име на завршениот Универзитет, факултет | |
| 10. | Стекнато звање на македонаски | |
| 11. | Стекнато звање во оригинал | |
| 12. | Број на овластувањето | |
| 13. | Име на Инженерската Комора (македонски) | |
| 14. | Име на инженерската комора (во оригинал) | |
| 15 | Назив на правниот субјект за кој ќе работи во РМ | |
| 16 | ЕМБС на правниот субјект (од централен регистер) | |
| 17. | Адреса за комуникација | |
| 18. | Име, презиме, адреса и e-mail на Застапникот во Македонија | |

CHAMBER OF CERTIFIED ARCHITECTS AND CERTIFIED ENGINEERS OF REPUBLIC OF MACEDONIA
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Application

for entry into the Register of
CERTIFIED ARCHITECTS AND CERTIFIED ENGINEERS OF
REPUBLIC OF MACEDONIA

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Name and Surname | |
| 2. | Name and Surname in native language | |
| 3. | Date of birth | |
| 4. | Place of birth | |
| 5. | State / Country | |
| 6. | Passport number | |
| 7 | Personal ID number (if any) | |
| 8 | Adress (home country) | |
| 9. | Name of the University and Faculty | |
| 10 | Profesional (in Macedonian) | |
| 11 | Profesional (native language) | |
| 12 | Number of licence | |
| 13 | Name of Eng. Chamber | |
| 14 | Name of Eng. Chamber (in native language) | |
| 15 | Name of the legal subject in Macedonia | |
| 16 | ЕМБС (from Central Register) | |
| 17 | Adress for communication | |
| 18 | Name, Surname,phone and email of the representative in Macedonia | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ
АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

# И М Е Н И К

## на странски физички лица со потврдена соодветност (еквиваленција) на овластувањето во Република Македонија

Комората потврдува соодветност на странското овластувањето со овластувањата во Р.Македонија
одговорен проектант (проектирање), за надзорен инженер (надзор),
за ревизија на проектна документација (ревизија), инженер за изведба (изведба)
(Закон за градење, чл. 42 став 2, 3, 4 ,5 и 6 Сл. Весник на РМ бр. 39 од 22 Март 2012 - пречистен текст)

| Странски физички лица со потврдени овластувања | | | | | Овластувањето соодветсвува | | | | Датум на издавање | Област *) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на потврда за содветност | Број на странското овластување | Титула / звање | Име и презиме/Name and surname (originaly)/ | state | проектир | надзор | ревизија | изведба | | |
| СЛ.0001 | E–1352 | Univ.dipl.inž.elektrotehnika | Миха ВИРАНТ / Miha VIRANT | SLO | А Б | | | А Б | 30.12.2009 | ЕЛЕ |
| СЛ.0002 | E–1442 | Mag. Univ.dipl.inž.elektrotehnika | Борут ШМАЈДЕК / Borut ŠMAJDEK | SLO | А Б | | | А Б | 30.12.2009 | ЕЛЕ |
| СЛ.0003 | E–0124 | Dipl inženir elektrotehnika | Божидар РЕНИНГЕР /Božidar RENNINGER | SLO | А Б | | | А Б | 30.12.2009 | ЕЛЕ |
| СЛ.0004 | E–0017 | Univ.dipl inž.elektrotehnika | Игор КУРЕНТ / Igor KURENT | SLO | А Б | | | А Б | 30.12.2009 | ЕЛЕ |
| СЛ.0005 | E–1529 | Dipl inženir elektrotehnika | Симон ЃУКИЌ / Simon ĐUKIĆ | SLO | А Б | | | А Б | 30.12.2009 | ЕЛЕ |
| СЛ.0006 | E–1074 | Univ.dipl.inž..elektrotehnika | Антон УРАНКАР / Anton URANKAR | SLO | А Б | | | А Б | 30.12.2009 | ЕЛЕ |
| СЛ.0007 | 2613 | Дипломиран градежен инженер | Дарко КОРЕТИЌ / Darko KORETIĆ | HR | А Б | | | А Б | 01.02.2010 | ГРА |
| СЛ.0008 | 3420 | Дипломиран градежен инженер | Ивица БРКИЌ / Ivica BRKIĆ | HR | А Б | | | А Б | 01.02.2010 | ГРА |
| СЛ.0009 | 3495 | Дипломиран градежен инженер | Бранко РЕФИ / Branko REFI | HR | А Б | | | А Б | 01.02.2010 | ГРА |
| СЛ.0010 | G-2202 | градежен инженер | Карел БОГАТИН / Karel BOGATIN | SLO | | | | Б | 15.04.2010 | ГРА |
| СЛ.0011 | G-1733 | градежен инженер | Дамијан ГРУДНИК / Damijan GRUDNIK | SLO | | | | Б | 15.04.2010 | ГРА |
| СЛ.0012 | G-2426 | градежен инженер | Боштијан ГОШЊАК / Boštijan GOŠNJAK | SLO | | | | Б | 15.04.2010 | ГРА |
| СЛ.0013 | 450 1812 03 | Дипл. инж. електротехника | Оливера МИТРОВИЌ / Olivera MITROVIĆ | SRB | -Б | | | А | 17.04.2010 | ЕЛЕ |
| СЛ.0014 | 400 6284 04 | Дипломиран инженер - архитект | Радисав МАРИЌ / Radisav MARIĆ | SRB | АБ | | | А | 17.04.20112 | АРХ |

...

......

..........